Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневни настани 07.08.2023

На 06.08.2023 во Стар Дојран, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор и гранични проверки Стар Дојран го лишиле од слобода И.Х.(22) од Египет. Околу 07.30 часот тој бил затекнат со група од 25 лица мигранти (меѓу кои пет малолетници), сите од Сирија, и по преземени мерки било утврдено дека тој си организирал и им помогнал илегално пеш да ја поминат државната граница од Република Грција во Република Северна Македонија. Мигрантите биле сместени во прифатно – транзитен центар во Гевгелија, а И.Х. бил задржан во полициска станица. По целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.08.2023 полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Богородица го лишиле од слобода Б.А.(27) од с.Рашче, скопско. Во 21.15 часот тој бил затекнат со А.А.(18), мигрант од Сирија, при илегално преминување на државната граница од Република Грција во Република Северна Македонија. Мигрантот бил сместен во прифатно – транзитен центар, а Б.А. бил задржан во полициска станица. По целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (07.08.2023) во 01.05 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.С.(42) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.08.2023 во 23.30 часот во тетовско Боговиње, полициски службеници од Полициското одделение Камењане го лишиле од слобода М.К.(28) од гостиварски Балин Дол, затоа што при преглед кај него и во возилото кое го управувал била пронајдена и одземена марихуана. Лицето било задржано во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 06.08.2023 во 15.10 часот на улица „Видое Смилевски Бато" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Ф.К.(23) од Тетово, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Лицето било задржано во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (06.08.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционираше се 536 возачи. Од нив 36 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а 15 возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 262 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 274 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (06.08.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречене се вкупно 152 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 87 санкции, 10 мерки за возење без возачка дозвола, 11 санкции за возење под дејство на алкохол, осум мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл...

Во текот на вчерашниот ден (06.08.2023), во периодот од 16.00 до 22.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спровеле акциска контрола за санкционирање на возачите кои управуваат возила со брзината поголема од пропишаната. Притоа, биле констатирани и санкционирани 95 (ТЕ-60 и ГВ-35) пречекорувања на брзината, од кои 32 (ТЕ) во населено место и 63 (ТЕ-28 и ГВ-35) надвор од населено место. Исто така, ноќта помеѓу 05/06.08.2023 во периодот од 22.00 до 04.00 часот, била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачите кои управуваат возило под дејство на алкохол, при што биле констатирани и санкционирани 26 (ТЕ) возачи кои управувале возило под дејство на алкохол и веднаш биле исклучени од сообраќај. За време на контролите биле констатирани и 14 останати прекршоци (ТЕ-8 и ГВ-6). На сите возачи - прекршители им биле изготвени и законски предвидените поднесоци додека најбрзите возачи кои ја пречекориле брзината и тие кои управувале под дејство на алкохол ќе се соочат и со заштитна мерка забрана за управување возило од 3 до 12 месеци, зависно од големината на пречекорена брзина или нивото на алкохолот во крвта.

На 06.08.2023 во 16.30 часот во СВР Охрид било пријавено дека на ул.„Железничка" во Охрид, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „пежо" со радовишки регистарски ознаки, управувано од Д.К.(56) од Охрид и патничко возило „фиат пунто" со охридски регистарски ознаки, управувано од А.Р.(50) од Охрид. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобила сопатничка од возилото „фиат пунто", Ј.Р.(75) од Охрид, констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид. Со телесни повреди се здобиле возачот А.Р. и уште двајца негови сопатници, Г.Р.(45) и малолетник, двајцата од Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Охрид.

Ноќта помеѓу 05 и 06.08.2023, во периодот од 24.00 до 03.00 часот, полициски службеници од СВР Тетово извршиле контрола во неколку угостителски објекти во Тетово. При контролата, во угостителски објект на улица „Маршал Тито" биле затекнати двајца малолетници после 24.00 часот. Малолетниците биле предадени на нивните родители, а по целосно документирање на случајот против правното и одговорното лице ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 06.08.2023 во 10.30 часот во СВР Тетово, С.А.(39) од Тетово пријавил дека во неговиот имот на улица „Александар Јовановски-Журчин" забележал неколку стебла за кои се посомневал дека се канабис сатива. По извршениот увид било констатирано дека станува збор за 10 засадени стебла од канабис, кои биле одгледувани. По консултација со јавен обвинител, стеблата биле одземени за понатамошна постапка. Се работи на расчистување и документирање на случајот.

На 06.08.2023 во 18.15 часот во Полициското одделение Јегуновце, З.А.(41) од тетовско Подбреѓе пријавил дека при чистење на стара куќа, сопственост на неговиот покоен татко С.А. во село Подбреѓе, пронашол една автоматска пушка. По известување на јавен обвинител, полициски службеници од СВР Тетово извршиле увид и било констатирано дека станува збор за автоматска пушка калибар 7,62, четири рамки и 197 куршуми од ист калибар. Пронајдено било подигнато за понатамошна постапка.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против А.Р.(43) од Струга, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Тој, на катастарска парцела на улицата „8 Ноември" во Струга, бесправно изградил дограда на куќа без притоа да поседува соодветно одобрение издадено од надлежен државен орган.

Во текот на изминатиот викенд, полициски службеници од Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните прописи, при што на подрачјето на Куманово санкциониране се вкупно 117 возачи, од кои 77 управувале возило со брзина поголема од пропишаната, 23 санкции за возачи кои управувале возило под дејство на алкохол, 9 за управување возило без возачка дозвола, 5 за нерегистрирано возило и 3 мотоциклисти за неносење заштитен шлем. Меѓу санкционираните возачи за пребрзо возење, на еден возач во населено место во Куманово со радар му биле измерени 138 километри на час.

На 06.08.2023 во 06.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред угостителски објект на подрачјето на Кисела Вода, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ш.Б.(53) и Б.Б.(59), двајцата од Скопје, при што бил употребен и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава против А.М.(38) од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем" и „злоупотреба на лични податоци". Пријавената, на 16.10.2022 неовластено влегувала во мобилен телефон и, користејќи ја електронската дебитна картичка од оштетената, извршила нелегална онлајн трансакција од 21.000 денари.

На 06.08.2023 во 14.45 часот во СВР Скопје, Ј.Т.(74) од Скопје пријавил дека околу 11.20 часот на подрачјето на Кисела Вода бил физички нападнат од неговата сосетка В.Ј., која употребила и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.Ѓ.(40) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 12.03.2023, полициски службеници извршиле претрес на пријавениот, кој е на издржување казна затвор во Казнено-поправната установа Затвор – Куманово, при што кај него бил пронајден и одземен амфетамин.

На 06.08.2023 во 11.30 часот во СВР Скопје, И.Н.(44) од Скопје пријавил дека на 05.08.2023 околу 23.00 часот на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од И.К.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против В.Ж.(39) од Маврово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности". Пријавениот, во текот на мај 2023 година, во село Маврово, без поседување на документација узурпирал државно земјиште, отстранило на користење на АД Електрани на Република Северна Македонија.

На 06.08.2023 во 20.15 часот во СВР Скопје, П.В.(45) од Неготино пријавил дека околу 17.00 часот во с.Батинци, скопско, бил физички нападнат од Д.Т.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Ј.М.(21) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 09.09.2022, полициски службеници извршиле преглед на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 06.07.2023 во 21.25 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на ул.„Лондонска" во Скопје едно лице со закана кон вработениот одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против И.М.(55) од Кочани поради постоење основи на сомнение дека на 11.07.2023 во просторите на Агенцијата за храна и ветеринарство – Подрачна единица Кочани, физички го нападнал вработениот З.Г. за време на извршувањето на работните задачи.

На 06.08.2023 околу 13.00 часот во СВР Охрид било пријавено дека на свадбена веселба во двор на улицата „Петрино" во Охрид, К.Б.(60) од Охрид, кој бил гостин, испукал неколку куршуми од пиштол „Застава" калибар 7,62 милиметри. Притоа, И.С.(39) Охрид и неговиот малолетен син се здобиле со повреди, констатирани во Општа болница во Охрид. Полициски службеници од СВР Охрид извршиле увид, при што од К.Б. одзеле пиштол „Застава м57" калибар 7.62 мм, пиштол „ЦЗ 99", карабин „Југословенски маусер", ловечка пушка „Бајкал" и дозвола за оружјето. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против П.Р.(34) од Делчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 24.06.2023, пријавениот физички го нападнал Б.Б. од село Тработиште и му нанел повреди.

На 07.08.2023 Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани до Основно јавно обвинителство Кочани поднесе кривична пријава против Љ.Л.(63) од Кочани, поради постоење на основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување" по член 353 став 1 од Кривичниот законик. Тој во својство на службено лице - градоначалник на Општина Кочани, со искористување на својата службена положба, ги пречекорил границите на своето службено овластување, така што на 06.12.2021 година за прават го именувал С.З. за вршител на должноста директор на СОУ „Гошо Викентиев" Кочани и продолжил да го именува по трети и четврти пат, иако бил должен да знае дека лицето кое го именувал не го положил испитот за директор во законски утврдениот рок од една година и не ги исполнува условите за вршење на должноста. Со наведеното дејствие, пријавениот постапил спротивно на член 93-а од Законот за средно образование и му овозможил на лицето да се стекне со противправна имотна корист во вкупен паричен износ од околу 63.552 денари.